АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 02-206/11
22.09. 2022 год.
СКОПЈЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

# ПОЛИТИКА НА ПРИВАТНОСТ

Политиката на приватност дава општи информации за обработката на лични податоци во Агенцијата за пошти.

Агенцијата за пошти се обврзува да ги собира само оние лични податоци кои се неопходни за остварување на нашите задачи и овластувања.

За заштита од неовластен пристап и безбедно користење на личните податоци, Агенцијата за пошти ги презема сите потребни технички и организациски мерки, согласно Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија"бр.42/20) и подзаконските акти кои се однесуваат на заштитата на личните податоци.

## Контролор на збирки на лични податоци

Контролор/обработувач на личните податоци е Агенцијата за пошти.

Агенцијата за пошти личните податоци ги обработува во согласност со одредбите од Законот за заштита на лични податоци и подзаконските акти.

## Кои лични податоци се собираат?

Агенцијата за пошти ги собира личните податоци за конкретни, јасни и законски утврдени цели и се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели и во согласност со Законот за заштита на лични податоци. Податоците кои се собираат се лични податоци:

- на вработени лица;
- на надворешни соработници;
- на членови на Комисијата на Агенцијата за пошти;
- на давателите на поштенски услуги евидентирани во регистарот на лиценци.

## Како ги собираме личните податоци?

Агенцијата за пошти ги собира личните податоци преку различни канали, вклучувајќи:

- преку користење на веб страницата на Агенцијата;
- преку официјалниот e-mail на Агенцијата;

- преку пошта;
- по факс;
- телефон, и
- усмено.

Агенцијата ги обработува податоците за конкретни, јасни и легитимни цели во обем потребен за остварување на целите на обработката. Агенцијата нема да ги обработува личните податоци на начин што е спротивен со тие цели.

## Категории на податоци кои се обработуваат

- **Податоци за лична идентификација на вработени** (име и презиме, адреса на живеење, единствен матичен број, трансакциска сметка, е-пошта, телефонски број, датум на раѓање...)
- **Лични податоци на надворешни соработници** (име и презиме, адреса на живеење, единствен матичен број, трансакциска сметка, е-пошта, телефонски број, датум на раѓање...)
- **Лични податоци на давателите на поштенски услуги** (пр: име и презиме, адреса на живеење, единствен матичен број, трансакциска сметка, е-пошта, телефонски број);
- **Лични податоци на членовите на Комисијата на Агенцијата за пошти** (пр: име и презиме, адреса на живеење, единствен матичен број, трансакциска сметка, е-пошта, телефонски број),
- **Други лични податоци** (пр: број на договори што е склучен со Агенцијата, услуга и слично, број на фактура, датум на фактура и сл).

## Основ за обработка на личните податоци

Во согласност со важечкото законодавство за заштита на личните податоци, личните податоци може да бидат обработени ако:

- е дадена **согласност за обработката**, која давателот има право да ја повлече во било кое време;
- обработката е неопходна **за извршување на договор** во кој договорната страна автоматски ја дава согласноста или за да се преземат активности на барање пред пристапување кон договорот;
- обработката е неопходна за целите на **легитимен интерес**, без да се наруши правото на приватност и доверливост, а за постоењето на ваков легитимен интерес, има известување во врска со конкретната обработка,

- обработката е потребна за **исполнување на законска обврска на Агенцијата** (за што Агенцијата ќе извести пред обработката).

**Пренесување на корисници на лични податоци**

Агенцијата за пошти не споделува податоци на трети лица, освен во следните случаи:

- во случај на ангажирање на даватели на услуги кои Агенцијата ги ангажира како обработувачи со што ќе бидат обврзани да постапуваат по упатствата на Агенцијата и обезбедат заштита на личните податоци кои се обработуваат при обезбедувањето на тие услуги;
- по барање на орган на државна власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело на кое му се откриваат личните податоци без разлика дали е тоа трето лице или не, и
- на други корисници врз основа на нивно барање (адвокати, нотари...), согласно закон.

**Кој има пристап до податоците?**

Во Агенцијата за пошти пристап до податоците можат да добијат само оние лица на кои им се потребни тие информации за исполнување на договорни и законски обврски и само до оној степен што е неопходен за исполнување на целта на обработката.

**Време на чување на собраните податоци**

Собраните податоци се чуваат во согласност со закон и периодот потребен за постигнување на целта на обработката со рокови на чување на личните податоци потребни за исполнување на целта на обработката.

Пресметка на роковите на чување и задржување на личните податоци, се заснова на следниве критериуми:

- времетраење на договорот (доколку има договор како основ за обработка);
- времето потребно за обработка на барањето или жалбата (доколку е поднесена жалба);
- законски или договорни обврски на Агенцијата.

Некои од личните податоци потребно е да се чуваат во архивите за да можеме да се одговори на какви било правни постапки и за време пропишано со важечките закони.

**Кои права ги има субјектот на лични податоци?**

Правата во однос на обработката на лични податоци се:

- **право на информираност за обработката на личните податоци** (право на информираност дали се обработуваат податоците и за какви цели, легитимни интереси, корисниците на кои се пренесуваат...);
- **право на пристап до личните податоци** (право да се побара информација за какви цели се обработуваат личните податоци, категориите на лични податоци кои се обработуваат, предвидениот рок...);
- **право на исправка и бришење** на личните податоци (ако има грешки во личните податоци или ако тие се нецелосни или неточни, субјектот може да бара исправка на неточните или дополнување на нецелосните лични податоци);
- **право на ограничување на обработката** на личните податоци (под услови утврдени со закон, може да биде побарано ограничување на обработката на личните податоци);
- **право на приговор** (субјектите имаат право во секое време согласно важечкиот закон да поднесат приговор на обработката на личните податоци, како и приговор на обработката на личните податоци за цели на директен маркетинг);
- **право на повлекување на согласноста** за обработка на личните податоци во секое време (доколку е дадена согласност за обработка на личните податоци).

За дополнителни информации и/или остварување на правата за заштита на лични податоци, може да биде исконтактиран офицерот за заштита на лични податоци.

Субјектите на личните податоците можат да ги користат правата според оваа Политика со поднесување барање за остварување на соодветното право.

Барањето може да се поднесе на следниот начин:

- на веб-страницата на Агенцијата за пошти- www.ap.mk.

Барањето за остварување на правата во врска со заштитата на личните податоци треба да ги содржи следниве податоци:

- име и презиме на субјектот на лични податоци;

- контакти за повратни информации - адреса, телефон, адреса на електронско сандаче, и
- барање со опис на барањето.

**Право на поднесување на барање до АЗЛП**

Ако субјектот на лични податоци смета дека начинот на кој Агенцијата за пошти ги обработува личните податоци и со тоа ги повредува одредбите на Законот за заштита на личните податоци, може да биде поднесено барање до Агенцијата за заштита на личните податоци како надзорно тело, согласно Законот за заштита на личните податоци.

**Промена на политиката за приватност**

Политиката за приватност подлежи на редовно преиспитување и по потреба ќе се менува и дополнува соодветно на настанатите промени и нашите активности.

**Заштита од злоупотреби**

Агенцијата за пошти ги презема сите потребни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци од неовластен пристап како и од нивна злоупотреба, користејќи редовни контроли и најнови технолошки механизми и достигнувања во оваа област.

Личните податоци ќе може да бидат обработени од трето лице – Обработувач само под услови предвидени со закон и само ако тој се согласи да ги примени истите технички и организациски безбедносни мерки.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Директорка
Билјана Аврамоска Ѓореска